# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МУЗИЧКА ПЕДАГОГИЈА И ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ НАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1402-92/4 од 12.10.2016 година донесена на седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија, одржана на 12.10.2016 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во сите звања за наставно-научната област *музичка педагогија и видови на инструменти народни инструменти* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија е во состав:

- проф. д-р Драган Даутовски, редовен професор на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставно-научна област: кавал, гајда, тамбура, оркестар на народни инструменти, изведувачка техника на орфов и народен инструментариум, фолклор, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје - претседател;
- проф. д-р Илчо Јованов, редовен професор од наставно-научните области солфеж и етнохармоника, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - член;
- проф. м-р Михајло Куфојанакис, редовен професор од наставно-научната област виолина, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 23.9.2016 година и во предвидениот рок се пријави единствено кандидатот м-р Марјан Јанкоски, вонреден професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ од Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**М-р Марјан Јанкоски** потекнува од Вевчани. Своето музичко образование го започнува во Битола во Државното средно музичко училиште, а додипломските и постдипломските студии ги завршува на Факултетот за музичка уметност во Скопје, каде што магистрира на тема „Примената на народните инструменти во одделенската настава“.

Музичката кариера на Марјан Јанкоски е богата и разновидна.

Како инструменталист-изведувач на народни инструменти има настапувано на најреномираните музички фестивали во државата од кои можат да се издвојат: „Охридско лето“, „Деновите на македонската музика“, „Скопско лето“, „Есенските музички свечености“, „Струшките вечери на позијата“, „Македонски духовни конаци“ и многу други. Тој како изведувач исто така настапувал и соработувал со многу наши истакнати композитори, камерни ансамбли, хорови, оркестри и пејачи, како од сериозната, така и од популарната музика.

Надвор од нашата земја забележливи се неговите настапи во Грција, Србија, БиХ, Словенија, Италија, Германија, Австрија, Русија итн.

Како позначајни концертни остварувања се издвојуваат концертите и настапите на: Струшките вечери на поезијата (2013), Скопско лето (2014), изведба на музичкиот проект „Радост моја, Христос воскресе“ (Штип, Охрид, Велес - 2013, Скопје - 2014, 2016 - целосна изведба во живо на МТВ1), концерти во Штип, Кочани, Скопје, Струга итн.

Доста забележителни се и настапите на националниот телевизиски сервис МРТВ каде што му се отстапува место за јавно промовирање на своите музички дела и изведби. Како позначајни ќе ги истакнеме промоциите и гостувањата во живо во утринските емисии, музичката емисија „Плетенка“, емисијата „Неделен магазин“ итн. Портрет емисија за Марјан Јанкоски и музичкиот состав „Портал“ сними и телевизијата „Канал 8“ од Кочани.

Учествувал во снимањето на следните ЦД и ДВД изданија: „Раѓајте се Македонци“ (Сингл ЦД и ДВД – хуманитарен проект, 2005), “Original Macedonian Folk music” (во издание на продукција „studio Fontana“ од Чешка, 2006), „Божилак“ (со Тоше Проески, 2006), „Концерт на Тоше Проески – Градски стадион Скопје“ (ДВД издание, 2006), “Tose Proeski Live 2007” – Beogradska Arena (ДВД издание, 2007 Белград), „Разбој“ (со „Драган Даутовски квартет“, 2008), „Песни на вевчанската душа“ (DDQ Production, 2015).

Како автор на музика, Марјан пишува дела за соло инструмент, камерна музика, до дела за голем оркестар. Неговите композиции се изведувале скоро на сите музички фестивали кај нас и во странство. Тука ќе ги спомнеме забележителните настапи во последните години на триото „Mezzo” кое ја изведе композицијата „The wings of the Pigeon“ (2015, Рим, Италија), како и настапите на триото „Академико“ кое ја изведе композицијата „На пат за дома“ во Битола (2014), Сплит (2016, Р. Хрватска) и Белград (2016, Р. Србија). Сепак, својата изведувачка и креативна кулминација ја истакнува најмногу со својот музички состав „Портал“ во кој членуваат професионални музичари од разни профили. Марјан се појавува и како изведувач и автор на два големи заокружени музички проекти, а тоа се: „Радост моја, Христос Воскресе!“ (чие дело во 2016 г. со благослов на архиепископот и свештенството на МПЦ-ОА се пренесуваше во живо на националната МТВ1 за време на големиот христијански празник Воскресение Христово – Велигден) и „Песни на вевчанската душа“ (кое во 2015г. во продукција на DDQ го промовираше и го издаде како ЦД). Како автор на музика неговите дела се изведувани во земјава и странство, а како професор придонесува во градењето на уметничкиот профил на неговите студенти што се потврдува со настапи на негови студенти на значајни музички фестивали во земјава и во странство.

Од 2007 година кандидатот м-р Марјан Јанкоски предава на Факултетот за музичка уметност, а во моментов работи како вонреден професор на Музичката академија по предметите Народни инструменти и Оркестар на народни инструменти на модулот за народни инструменти при Одделот за теорија на музиката и музичка педагогија.

***Критериумите за избор во сите звања наведени во Конкурсот беа следниве:***

Кандидатот треба да има завршено високо образование од втор степен за наставно-уметничките области, како и да ги исполнува останатите услови наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, беа доставени во целост и беа следниве:

- пријава;
- диплома за завршено соодветно образование – за одбрана на магистерски труд;
- уверение за положени испити на прв и втор циклус студии;
- кратка биографија;
- список на објавени научни и стручни трудови;
- по еден примерок од трудовите;
- потврда дека се служи со еден од светските јазици;
- еден примерок од магистерскиот труд;
- уверение за државјанство.

**Табела со опис за изведба на осум целовечерни концерти**

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот | Датум на изведба на концертот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Марјан Јанкоски** | Целовечерен концерт | Концерт „Духовна академија“ по повод празникот Свети Петар и Павле во Кочани http://eprints.ugd.edu.mk/16199/ | Јули 2016 год. |
| 2 | **Марјан Јанкоски** | Целовечерен концерт | Концерт насловен како „Приказни од нашето детство“ на фестивалот „Скопско лето“ http://eprints.ugd.edu.mk/16140/ | Јуни 2016 год |
| 3 | **Марјан Јанкоски** | Целовечерен концерт | концерт со музичкиот состав „Портал“ во Охрид http://eprints.ugd.edu.mk/15030/ | Јуни 2011 год. |
| 4 | **Марјан Јанкоски** | Целовечерен концерт | Концерт и изведба во живо на музичкиот проект „Радост моја, Христос воскресе“ на Националната МТВ 1 http://eprints.ugd.edu.mk/16322/ | Мај 2016 год. |
| 5 | **Марјан Јанкоски** | Целовечерен концерт | Концерт со музичкиот состав „Портал“ во преддворјето на црквата „Св. Богородица“ во Скопје на фестивалот „Скопско лето“ http://eprints.ugd.edu.mk/11276/ | Јули 2014 год. |
| 6 | **Марјан Јанкоски** | Целовечерен концерт | Концерт во црквата „Света Софија“ во Охрид на меѓународната поетска манифестација „Струшки вечери на поезијата“ http://eprints.ugd.edu.mk/9506/ | Август, 2013 год. |
| 7 | **Марјан Јанкоски** | Целовечерен концерт | Концерт на Марјан Јанкоски и музичкиот состав „Портал“ во Музејот на Град Скопје http://eprints.ugd.edu.mk/9511/ | Октомври 2013 год. |
| 8 | **Марјан Јанкоски** | Целовечерен концерт | Концерт по повод промоцијата на монографијата „Никола и Софија Незлобински“ по повод 70 години од смртта на д-р Никола Незлобински http://eprints.ugd.edu.mk/11265/ | Струга, 2012 год. |

**Музичка активност (концертна, творечка, педагошка)**

Од доставената документација на проф. Марјан Јанкоски во изминатите пет години, тој има реализирано повеќе целовечерни концерти и настапи на групни концерти во признати домашни концертни сали и тоа:

- Јули 2016, Кочани: Концерт - „Духовна академија“ по повод празникот Св. Петар и Павле во Кочани *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6)* http://eprints.ugd.edu.mk/16199/;
- Мај 2016, Осиек, Р. Хрватска: Изведба на композицијата „На пат за дома“ (во изведба на трио „Академико“) од авторот Марјан Јанкоски во концертната сала на Уметничката академија во Осиек, Р. Хрватска *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7)* http://eprints.ugd.edu.mk/16244/;
- Мај 2016, Белград, Р.Србија: Изведба на композицијата „На пат за дома“ (во изведба на трио „Академико“) од авторот Марјан Јанкоски во концертната сала „Даворин Јенко“ во Белград, Р. Србија *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7)* http://eprints.ugd.edu.mk/16245/;
- Мај 2016, МРТВ, Скопје: Целовечерен концерт и изведба во живо на музичкиот проект „Радост моја, Христос Воскресе!“ од авторот Марјан Јанкоски на Македонската телевизија (МТВ1) *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6)* http://eprints.ugd.edu.mk/16322/;

- Септември 2013, Рим, Италија: Concert of trio “MEZZO” in Rome – Italy. Изведба на композицијата „Крилјата на гулабицата“ (“The Wings of the Pigeon”) од авторот Марјан Јанкоски *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7)* http://eprints.ugd.edu.mk/14738/;
- Јули 2015, Охрид: Целовечерен концерт на Марјан Јанкоски и музичкиот состав „Портал“ во Охрид по повод 15-та меѓународна конференција на математичари *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6)* http://eprints.ugd.edu.mk/15030/;
- Април 2015, Кочани: Едночасовен музички портрет посветен на Марјан Јанкоски и музичкиот состав „Портал“ на кочанската телевизија Канал 8 во емисијата „Попладне со Тања“ *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6)* http://eprints.ugd.edu.mk/14647/;
- Ноември 2014, Битола: Концерт на ТРИО АКАДЕМИКО во НУ Центар за култура -Битола - мала сала. Изведба на композицијата „На пат за дома“ од авторот Марјан Јанкоски *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7)* http://eprints.ugd.edu.mk/12342/;
- Септември 2014, Скопје: Камерен концерт на Марјан Јанкоски и музичкиот состав „Портал“ во чест на официјалната промоција на книгата „Името е нашата татковина“ напишана од група автори на Македонскиот манифест *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6)* http://eprints.ugd.edu.mk/11997/;
- Јули 2014, Скопје: Целовечерен концерт со музичкиот состав „Портал“ во преддворјето на црквата „Св. Богородица“ во Скопје *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6)* http://eprints.ugd.edu.mk/11276/;
- Јули 2014, МРТВ, Скопје: Песни на Вевчанската душа - гостување, промоција на нови музички дела и нивна музичка изведба на Националната телевизија МТВ1 во емисијата „Плетенка“ *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7)* http://eprints.ugd.edu.mk/12253/;
- Октомври 2013, Скопје: целовечерен концерт на Марјан Јанкоски и музичкиот состав „Портал“ во Музејот на Град Скопје по повод доделување на наградата „Дијалози“ на современиот македонски поет Ефтим Клетников за неговата наградена збирка сонети „De profundis” *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6)* http://eprints.ugd.edu.mk/9511/;
- Август 2013, Охрид: целовечерен концерт во црквата „Света Софија“ во Охрид на меѓународната поетска манифестација „Струшки вечери на поезијата“ по повод претставувањето на лауреатот, добитникот на „Златниот венец“ за 2013 година. *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6)* http://eprints.ugd.edu.mk/9506/;
- Мај 2013, Охрид: Целовечерен концерт во Центарот за култура „Григор Прличев“ во Охрид *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6)* http://eprints.ugd.edu.mk/9515/;
- Мај 2013, Велес: Целовечерен концерт во салата на Ликовниот салон во Велес *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6)* http://eprints.ugd.edu.mk/9614/;
- Мај 2013 г., Штип: Целовечерен концерт во галеријата „Безистен“ во Штип. Премиерна изведба на музичкото дело „Радост моја, Христос воскресе!“ *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6)* http://eprints.ugd.edu.mk/9607/;
- Декември 2012 г., Струга: Концерт по повод промоцијата на монографијата „Никола и Софија Незлобински“ по повод 70 години од смртта на д-р Никола Незлобински *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7)* http://eprints.ugd.edu.mk/11265/;
- Септември 2012 Скопје: Концерт со женскиот младински хор при Хорското студио „Рустико“ - Скопје *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7)* http://eprints.ugd.edu.mk/5160/;

- Август 2012, Струга: Концерт на меѓународната манифестација „Македонски духовни конаци“ *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6)* http://eprints.ugd.edu.mk/4936/;
- Јуни 2016, Скопје: Целовечерен концерт насловен „Приказни од нашето детство“ (фестивал „Скопско лето“ 2016) *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 8)* http://eprints.ugd.edu.mk/16140/;
- Ноември 2012, Кавадарци: Член на Жири-комисија на Третиот меѓународен натпревар за камерна музика во Кавадарци *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 19);*
- Член на Комисија за самоевалуација (Одлука бр. 1402-52/15 од 16.3.2016 г.) *(види табела Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност под ред. бр. 28)* - член на Рецензентска комисија за издавање на скрипта и практикум под наслов „Солфеж II со методика“ од авторите д-р Илчо Јованов и м-р Ленче Насев (Одлука бр.0801-2 од 14.12.2015 г.) *(види табела Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност под ред. бр. 28);*
- Претседател на рецензентска избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *традиционални инструменти* на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за кандидатот м-р Горанчо Ангелов. (Одлука бр. 1402-47/6 од 24.2.2016) *(види табела Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност под ред. бр. 28).*

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната наведена документација и активностите на кандидатот, Рецензентската комисија донесе заклучок дека кандидатот проф. м-р Марјан Јанкоски во потполност ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање редовен професор за наставно-научната уметничка област музичка педагогија и видови на инструменти народни инструменти на Музичката академија, наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Исто така, кандидатот преку остварените досегашни активности покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметничките активности преку активно концертирање, како и голем успех во педагошката дејност.

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да го усвои нашиот предлог и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип **за кандидатот проф. м-р Марјан Јанкоски да го избере во наставно-научно звање редовен професор за наставно-научната област музичка педагогија и видови на инструменти народни инструменти на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Драган Даутовски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Илчо Јованов, член, с.р.**
**Проф. м-р Михајло Куфојанакис, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ЗА КАНДИДАТОТ М-Р МАРЈАН ЈАНКОСКИ**

| Ред. бр. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|---|
| 5 | Избор во звање вонреден професор | 40 |

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | 12x3=36 | / |
| 7 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 4x2=8 | 3x4=12 |
| 8 | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | 1x2=2 | / |
| 19 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | / |
| | ВКУПНО = 59 бода | | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1 | Книга (издавање на компакт диск) | 1x10=10 | |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија | 3x2=6 | |
| | ВКУПНО = 16 бода | | |
| | ВКУПНО ОД СИТЕ ОБЛАСТИ (НО+НИ+САОР) = 115 бода | | |